# декада на припадност

## СЛАВЕЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТА

Програма :
Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014

Приоритет 3 :
Промоција на подобрување на односите помеѓу заедниците

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН
ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД
ЛОКАЛНА
АГЕНЦИЈА ЗА
РАЗВОЈ

CREATIVE & ACTIVE
association

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Локална Агенција за Развој, Струга  и Креативни и Активни и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

## Основни податоци за проектот:

**Временска рамка:** Јануари 2016 до Јануари 2019

**Опфатен регион:** во Југозападниот регион со општините Струга, Дебар, Вевчани, Охрид, Дебарца и Кичево.

**Партнер на проектот:** Здружение на граѓани „Креативни и Активни" од Струга.
Целта на проектот беше да се осмислат и спроведат активности кои ќе им овозможат на граѓаните од различни етнички групи да се запознаат, да се обединат и заеднички да придонесат кон поквалитетен живот во нивното место на живеење. Во текот на три години, ги спроведовме три големи циклуси активности кои беа наменети за различни целни групи.
Поддржан од Европската Унија во вредност од 252.592 евра (89%).

Кофинансирањето изнесуваше 28.471 евра (11%) ,од кои Министерството за Култура конфинасираше 8.150 евра.

Вкупниот буџет на проектот изнесуваше 281.064 евра.

Овој проект беше дел од програмата „Инструмент за граѓанско општество и медиуми 2014",

**Првиот циклус активности беше од отворен карактер**, наменет за граѓаните во Југозападниот регион. Беа спроведени 10 локални граѓански иницијативи кои вклучуваа граѓани од различни етнички групи, возрасти и општини.

1. Основање на Друштвен Клуб Комбинати во кој се одржаа 85 настани
2. Формирање на советодавно тело- Advisory Board,
3. Формирање две танцови групи (тинејџерска и детска) кои имаа 7 јавни настапи,
4. Формирање два вокални ансамбли (сениор и јуниор) со 6 јавни настапи, од кои три беа во рамките на проектот со наслов „Заедно за: Охрид, Струга, Дебар", а другите три беа во соработка со други проекти/организации од регионот (Скопје, Поградец и Струга),
5. Реализирани три двонеделни урбани резиденции: две индивидуални и една колективна (со 20 учесници) ) од кои резултираа акциони планови со препораки за подобрување на меѓуетничкиот дијалог,
6. Истражување и публикација на тема „Локално културно наследство",
7. Два тродневни фестивали „Наш фестивал" со преку 30 настани,
8. Четири музички перформанси и дискусии со современи групи од мешан етнички состав,
9. Кулинарска недела,
10. Осум изданија на магазин за млади „Blue Wire",
11. Четири фото изложби.

**Вториот циклус активности** беше првенствено наменет за зајакнување на капацитетите на Комисиите за односи меѓу заедниците од Кичево, Струга и Дебар и претставници од организациите на помалите етнички заедници. Заедно со нив реализиравме дводневна студиска посета во Скопје и три јавни настани. Во овој циклус на активности исто таке беше спроведено и опсежно истражување за перцепцијата на граѓаните за Охридскиот Рамковен Договор со кое беа опфатени 1460 граѓани и над 76 лица кои учествува на јавните презентации. Се одржа и една презентација на самите резултати од истражувањето пред Секретаријатат за Имплементација на Охридскиот Рамковен Договор. Претставниците на СИОФА беа задоволни од исходот на активноста и се изјаснија дека би сакале истото истражување да се повтори после донесувањето на Законот за употреба на јазиците,и да се прошири регионот на истражувањето.

**Третиот циклус активности беа наменети за зајакнување на граѓанскиот сектор.** За таа цел спроведовме Програмата за регрантирање во која беа поддржани 16 помали локални организации од регионот, кои успешно реализираа многубројни активности во своите заедници. Исто така се спроведе менторирање на организациите за да им се олесни проектното и финансиско менаџирање, и да се зајакнат организациските капацитети во нивните стратешки сфери на делување.

## Почетоците на проектот

Проектот беше претставен пред јавноста во март 2016 во Охрид на еден уникатен начин. Наместо вообичаените прес-конференции, организиравме пригодна вечера со тематски маси. Секоја маса беше дизајнирана на различна тема (музика, спорт, традиција, образование, книжевност, екологија, и сл) и модератор со искуство на темата, кој беше задолжен да ја води дискусијата. Учествуваа 120 граѓани, преставници од 23 различни државни институции, училишта, медиуми. На овој начин уште на самиот почеток ги придобивме симпатиите и поддршката од локалните заедници и го отворивме патот за сите понатамошни активности.

**Погледнете го видеото и сликите од настанот.**
https://www.facebook.com/ldastruga/videos/10153568621662993
https://www.facebook.com/pg/ldastruga/photos/?tab=album&album_id=10153542241267993

**Фотографии од отворањето на проектот**
https://www.facebook.com/media/set/?set=a.10153542241267993&type=1&l=451ffcb3cf











# РЕЗУЛТАТИ

## ФОРМИРАНО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО

Советодавниот одбор се формираше на самиот почеток на проектот и беше составен од 10 претставници од различни етнички групи и различни сфери поврзани со активностите на проектот: култура, уметност, медиуми, спорт, социјална сфера. Советниците се среќаваа двапати годишно, обезбедуваа струча помош, го надгледуваа и помагаа спроведувањето на активностите.  Со нивното искуство и контакти ја дадоа насоката во која се развиваше Друштвениот Клуб Комбинати.
***Повеќе...*** http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/advisory-board/






## ДРУШТВЕН КЛУБ КОМБИНАТИ

Друштвениот клуб Комбинати  беше замислен како нов начин/простор на социјализација и солидарност. Тој е стартна точка за креативните индивидуи кои делуваат во граѓанскиот сектор и имаат желба за меѓуетничка соработка. Во просториите на клубот во периодот од три години се организираа преку 85 јавни настани. Дел од нив беа директно поврзани со проектот како: пробите на вокалните ансамбли,  танцовиот театар, состаноци за потребите на урбаната резиденција и за списанието Blue Wire. Беа организирани и други настани по барање на други граѓански организации и индивидуалци кои го препознаа просторот како идеално место за реализација на нивните активности. Клубот продолжува со работа и после завршувањето на проектот и е отворен за соработки со сите заинтересирани странки.








http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/social-club-kombinati/
https://www.facebook.com/Social-Club-Kombinati-116186645077888

**Соработка со основните и средните училишта во Охрид, Струга, Кичево, Дебар и подрачните училишта во руралните средини**



По отпочнувањето на проектот, воспоставивме соработка со сите основни и средни училишта и договоривме заеднички активности. Тие беа нашите главни соработници при спроведувањето на Танцовиот Театар, Вокалниот Ансамбл, обуките за животни вештини, Списанието Blue Wire и урбаните резиденции.
***Повеќе...***
http://www.ldastruga.org/makedonski/Default.aspx

## ОВОЗМОЖЕНА СОРАБОТКА МЕЃУ ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ОД РАЗЛИЧНИ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ

Користејќи ги техниките на современиот танц и театар, создадовме безбеден простор за 30тина деца од различно социјално и етничко потекло. Еднаш н еделно, училиштата во Биџево и Драслајца, ги трансформиравме во театарска сцена каде  нашите обучувачи ги учеа децата да комуницираат меѓусебно преку танц и игра, иако не го знаат јазикот на другите. Овој процес после неколку месечните подоготовки, резултираше со јавни настапи пред жителите во центрите на двете села.



Видеото од настанот може да го погледнете тука ...
https://www.youtube.com/watch?v=d8AqBpfDppA

## ЗАЈАКНАТИ КАПАЦИТЕТИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ГИ ЗАСТАПУВААТ ПОМАЛИТЕ ЕТНИЧКИ ГРУПИ

Остваривме квалитетна соработка со комисиите од Струга и Дебар со кои имавме поединечни средби и една заедничка средба. Исто така во рамките на оваа активност се запознавме и остваривме контакти со претставници од сите помали етнички заедници во целниот регион: Египјани, Роми, Македонци-Муслимани, Турци, Срби, Хрвати. Со помош на Комисиите ги реализиравме двата јавни настани: Заедно за Струга и Заедно за Дебар.  ***Повеќе...***
http://www.ldastruga.org/makedonski/DefaultDetails.aspx?id=1612



Слики од средбите со КОМЗ

Во мај 2017, претставници од етничките заедници и Комисиите за односи помеѓу заедниците од Струга, Дебар, Кичево и Охрид отпатуваа на дводневна студиска посета на Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор (СИОФА), Агенција за остварување на правата на заедниците, Комисија за односи со Верски заедници, Турски Театар, Албански Театар, ЕУ Инфо Центар, Универзитет Евро-Балкан, Здружение на граѓани „Сумнал". Учесниците имаа прилика да дискутираат со вработените во институциите и да ги искажат своите ставови во однос на правата на помалите етнички заедници. Ретка прилика на едно место да се обединат Египјаните, Македонците-муслимани, Ромите, Власите, Албанците, Македонците и заеднички да отворат теми важни за соживотот на различните етнички заедници.

Фотографии од настанот може да се најдат на ***следниот линк.***
https://www.facebook.com/pg/ldastruga/photos/?tab=album&album_id=10154811881247993

По студиската посета ,претставниците од Египјанската етничка заедница од Охрид покренаа иницијатива за формирање на КОМЗ во Општина Охрид.
Во октомври 2018 заедно со Центарот на заедницата на Општина струга  организиравме средба за Комисиите од Струга, Дебар, Тетово, Кичево и иницијативата од Охрид каде се разговараше за улогата на Комисиите за односи меѓу заедниците и размена на добри практики .



Слика од средба на КОМЗ



Слики од студиската посета

## Реализирани две индивидуални урбани резиденции- Споделување и размена на добри пракси

Целта на резиденциите беше да се овозможи размена на искуства и добри пракси помеѓу граѓаните и академиците, истражувачите, уметниците и експерти од различни области. Резиденциите траеја по две недели и во соработка со проектниот тим, гостите истражуваа на одредени теми поврзани со нивната експертиза и со целите на проектот.

### 1-ва Урбана резиденција – Уметничка ресиденција „Припадност"

За време на престојот, авторот спроведе 17 интервјуа, 2 групни интервјуа, теренски аудио снимки од езерото, реката, чаршијата, кафе-баровите. Врз основа на овие материјали како краен резултат произлегоа наративен извештај http://creativeactive.org/wp-content/uploads/2017/03/first_residency.pdf кој ги сумира сите очекувања, резултати и сознанија добиени од локалното население, и аудио документарец
https://youtu.be/tQ0HT7LiYUI кој го доловува регионот од гледна точка на странец.
Тој исто така реализираше една работилница на тема „ Колективно мапирање на Струга"



**2-ра Урбана резиденција – „Интеркултурното наследство од приватизацијата и децентрализацијата во пост-социјалистичките јавни установи - Струга и Југозападниот регион "**

Во оваа резиденција, акцент се стави на меѓуетничката тензија на културен и политички план, која значително го ограничува економскиот, социјалниот и културниот напредок. Авторот ги проучуваше националните јавни установи како наследство од претходниот социјалистичкии систем, нивната промена во транзицијата и приватизацијата. Реализираше и предавање со учениците од Гимназијата Др.Ибрахим Темо од Струга. Потоа направи извештај кој може да го прочитате тука.
http://creativeactive.org/wp-content/uploads/2017/03/second_residency.pdf






Повеќе за оваа активност - http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/sharing-and-replication-of-good-practices/

## Четири музички перформанси

Музиката е универзален јазик кој ги преминува границите и лесно создава пријателства и комуникација помеѓу луѓето од различни етнички и верски заедници. Музиката може да ги трансформира предрасудите, недовербата и омразата во љубопитност, толеранција и разбирање. Оваа иницијатива беше еден вид на „Културна дипломатија" за да се разменат идеи, вредности и информации со крајна цел взаемно разбирање. Во таа насока и беше замислена и реализирана оваа активност со музиката како појдовна точка. Се реализираа четири музички перформанси кои беа пропратени со дискусии на главната тема на проектот – "Улогата на музиката во мулти-етничките општества и зајакнување на меѓуетничкиот дијалог". Групите кои настапуваа беа со мешан етнички состав и ја сподлеуваа нивната приказна, искуства и предизвици.
Настапуваа Gypsy groove, Artan&Oli, Lazy groovers, offchestra, како и други музичари кои ги обедини ова активност кои изведуваа композиции на различни јазици. Во рамките на перформансите организиравме и Jam sessions каде професионалните музичари ги споделуваа тајните на добрата изведба со средношколците.

Повеќе за оваа активност - http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/the-music-roundabout/

ALSAT M - „Të rinjtë kënduan shqip dhe maqedonisht në sheshin e Strugës"
https://www.alsat-m.tv/te-rinjte-kenduan-shqip-dhe-maqedonisht-ne-sheshin-e-struges/?fbclid=IwAR2t5ePMMYjtErLLSeHjXqV1TNAOzxWTNHx7S8QKpVyKZbVKDAB0eZ1uu54

Photos of the Event
https://www.facebook.com/pg/Social-Club-Kombinati-116186645077888/photos/?tab=album&album_id=1697064693656734



Video of the performance in Struga Center
https://www.facebook.com/166793690177781/videos/694959080694570/

Video ALSAT M - promotion of the event
https://www.youtube.com/watch?v=YxeMgWGXCRw&feature=youtu.be

Video of the performance in Social Club Kombinati
https://www.facebook.com/166793690177781/videos/691654897691655/

## ЗАЕДНО ЗА СТРУГА – ЈАВЕН НАСТАН

Културно-забавниот настан „Заедно за Струга – со музика, песни и игри“ се одржа на 22 декември 2016 во Струга . За првпат заеднички настапија сите училишта од Струга со нивните музички секции. Беше прекрасен настан кој ги собра на едно место сите граѓани од Струга и струшко. Настапија хорови, вокални групи и оркестри од осум основни и едно средно училиште од Вевчани, Струга и Струшко. Овој настан беше организиран во соработка со Комисијата за односи меѓу заедниците и училиштата од Струга. Учествуваа 200 директни учесници, а во публиката имаше преку 300 граѓани. Идејата е овој настан да продолжи да се организира под водството на средното музичко училиште од Струга како традиционален предновогодишен настан.

Тука може да ги погледнете останатите фотографии од настанот. Link to Videos from the event and Photos from the event
https://www.facebook.com/pg/ldastruga/videos/?ref=page_internal
https://www.facebook.com/pg/ldastruga/photos/?tab=album&album_id=10154368736802993









## ТАНЦОВ ТЕАТАР - ТИНЕЈЏЕРИ „BLACK SQUAD CREW“

Хип-хоп групата се создаде како дел од активноста танцов театар. Најпрво организиравме работилници за меки вештини со цел меѓусебно да ги зближиме учесниците, како и да ги запознаеме со темите: стереотипи, предрасуди на база на етничка припадност и религија. Важно беше да се започне токму со овие теми, бидејќи тие се најчестиот извор на несогласувања и тензии меѓу младите. Одржавме 10 работилници, после што групата се соедини на заедничка задача- да создадат заеднички танцов перформанс. Како главна алатка се одбра хип-хоп, а дополнителна група приготви форум театар перформанс. Како краен резултат, се креира група од 8 тинејџери подготвени за настап пред публика. Тие одржаа 5 јавни настапи:

**Настап во средното училиште во Дебар (08 Мај 2017) –**
https://www.youtube.com/watch?v=aqAIpDJuJ7k&feature=youtu.be

**Настап на плоштадот во Охрид (18 Мај 2017) -**
https://www.facebook.com/ldastruga/videos/10154760671272993/

**Настап крај Охридско Езеро (18 Мај 2017) -**
https://www.facebook.com/ldastruga/videos/10154760691427993/

**Настап во Скопје (20 Јуни 2017) –**
https://www.youtube.com/watch?v=mzlH2iAhtfs&feature=youtu.be

**Настап во Струга (24 Јуни 2017) –**
https://www.facebook.com/pg/ldastruga/photos/?tab=album&album_id=10154811800682993







## ВОКАЛЕН АНСАМБЛ – ЈУНИОР

Нашиот регион има долга музичка традиција, и ни беше задоволство да бидеме дел од процесот на создавање мултиетнички вокален ансамбл кој обедини 30 млади луѓе од Охрид и Струга. Тоа беше нашиот мал придонес кон создавање вистинско мултикултурно општество. Вокалниот ансамбл имаше 3 настапи. Првиот настап се одржа на 18-ти октомври 2016 на Конференцијата во Скопје „Градење култура на соживот„ организирана од Европската Унија. Другиот настап беше во Струга во Хотел Дрим на 23-ти декември 2016 на предновогодишниот јавен настан „Заедно за Струга“. Третиот настап се случи во Дебар на настанот „Заедно за Дебар“ организиран со Гимназијата и КОМЗ Дебар.
На следните линкови може да најдете Фотографии од пробите како и Фотографии од јавниот настап во Скопје Октомври 2016 .
https://www.facebook.com/pg/ldastruga/photos/?tab=album&album_id=10153782952872993
https://www.facebook.com/pg/EUIC.mk/photos/?tab=album&album_id=1231241143604547




Пробите на хорот во Комбинати 1

## LOCAL VOCALS- ХОР ЗА ВОЗРАСНИ

Поради покажаниот интерес од граѓаните, дополнително оформивме хор за возрасни составен од 10 вокалисти од Струга. Групата за кратко врем се интегрираше, се создадоја нови пријателства и беа спремни да настапат пред публика. Беа изведени 2 јавни настапи:
- Еден во Струга на 24 јуни 2017 во соработка со друг проект поддржан од ЕУ „Граѓанско учество за локална демократија“ во рамките на настанот „Струга-креативен град“. Вториот настап се одржа во Поградец на 21 јуни 2017 кога Општина Поградец го покани хорот да настапи на настанот „Ден на Охридско езеро“.




Снимка од настапот покрај реката Црн Дрим Во Струга 24 јуни 2017 –
https://www.youtube.com/watch?v=F0BjFAcGABA&feature=youtu.be
Фотографии од пробите и настапите –
https://www.facebook.com/pg/ldastruga/photos/?tab=album&album_id=10154815484507993

## ИЗДАДЕНА ЗБИРКА ХОРСКИ АРАНЖМАНИ ЗА ТРОГЛАСЕН И ЧЕТВОРОГЛАСЕН ХОР КЛАВИР И МЕЛОДИСКИ ИНСТРУМЕНТИ СО НАСЛОВ „ ДА ПЕЕМЕ ЗАЕДНО“ ИЗДАДЕН АУДИО ЗАПИС ОД ХОРСКИТЕ АРАНЖМАНИ

Со оваа Збирка се пополни една голема празнина од недостаток на современи аранжмани за традиционалните композиции од народите на Балканот. Со достапноста на аранжманите ќе се придонесе за ширење на овие прекрасни песни на фестивали ширум Европа и светот. Збирката беше промовирана во август 2018 година на Охридскиот Хорски Фестивал. Партитурите и аудио снимките од композициите се достапни во онлајн верзија на следниов линк: http://www.ohridchoirfestival.com/ldastruga/

LINK to music arrangements of traditional songs of different ethnic groups

***Бор садила мома Евгенија*** Партитури Аудио
***Бело лице љубам јас*** Партитури Аудио
***Елено ќерко, Елено*** Партитури Аудио
***Јарнана*** Партитури Аудио
***Што ми е мило, ем драго*** Партитури Аудио
***Ајде слушај, слушај, Калеш бре, Анѓо*** Партитури Аудио
***Сву ноќ ми билбил препева*** Партитури Аудио
***Манастирин Ортасинда*** Партитури Аудио
***Назад, Калино моме*** Партитури Аудио
***Џелем, џелем*** Партитури Аудио
***Мој е букура море*** Партитури Аудио
***Билјана платно белеше*** Партитури Аудио
***Зајди, зајди*** Партитури Аудио
***Лихнида кајче веслаше*** Партитури Аудио
***Горанине, ќафанине*** Партитури Аудио
***Да играме, да пееме*** Партитури Аудио

## УРБАНА РЕЗИДЕНЦИЈА „ЛОКАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО“

Во време на глобализација, културното наследство ни помага да се присетиме на нашиот културен диверзитет, со што се развива взаемна почит и обновен дијалог помеѓу различните култури. Наследството е важно и за сегашните и за идните генерации. Кога заедниците работаат заедно за да го идентификуваат и конзервираат културното наследство, тие можат да се навратат во минатото и да изградат цврсти односи и за иднината. Оваа активност го употреби заедничкото културно наследство како алатка за поврзување на луѓето и заедниците.

Беа организирани 4 работилници кои вклучуваа 26 учесници (културни работници, занаетчии, етнолози, туристички работници). Од овој процес произлезе Регионален Акционен План на Приоритети којшто се состои од податоци за видливо и невидливо културно наследство во регионот и препораки за релевантните чинители.
Во рамките на овој план беа дефинирани целите, идентификувани целните групи, изработен беше акционен план вклучувајќи документирано истражување, теренска работа и прибирање на информации од граѓаните, локалните власти, како и анализирање на податоци од институциите. Тимот направи проценка за тоа што е моментална ситуација на теренот и даде препораки за тоа што треба да се направи за да се спаси и зачува видливото и невидливото културно наследство во југозападниот регион на земјата.






Целосниот Акционен План може да го најдете во следниот линк
Акционен План – „Локално Културно Наследство“
http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/local-cultural-heritage/

## ОСУМ ИЗДАНИЈА ОД BLUE WIRE-МЛАДИНСКО СПИСАНИЕ

Целта на списанието беше да се охрабрат младите луѓе, да научат да ги изразуваат своите мислења за различни теми преку пишан медиум. Под менторство на искусни новинари, 30 средношколци од различни етнички групи од 4 општини беа вклучени во процесот. Заеднички изработија осум списанија. Тие научија како да размилуваат критички, како да идентификуваат интересна тема за обработка, како да дојдат до соодветни информации, како да ги докажат и напишат фактите во статиите. Списанието беше катче за развивање на слободно мислење, место каде се поттикнуваат младите да бидат свесни набљудувачи и истражувачи на состојбите околу нив. ***Повеќе...***
http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/blue-wire-youth-magazine/






Во текот на две години активност, децата имаа прилика да го промовират списанието во националната телевизија Алсат М, студиска посета во компанија за дизајн и печатење на материјали, учествуваа во прославата на Ден на Европа во Штип и др. Дел од најактивните млади, преку други проект добија мпжност да учествуваат во различни конференции, работилници, како и патување во Стразбург за учество на European Youth Event 2018 во Европскиот Парламент каде имаа можност да даваат конкретни предлози за членовите на Европскиот Парламент во однос на политиките на ЕУ во идниот период.

https://www.facebook.com/photo.php?fbid=1006618406180314&set=gm.1035632383254021&type=3&theater

АЛСАТ М – Ditë e re –
https://www.youtube.com/watch?v=HoRXAl5L78E&feature=youtu.be&fbclid=IwAR0M-4DbW3-8E6vMhZ14tOSTatFZ7mTCW-DzZ42k_FAWh2wxb4iLg3M24w8

Strasbourg EYE 2018/blue wire team – https://www.facebook.com/pg/Social-Club-Kombinati-116186645077888/photos/?tab=album&album_id=2350583718304825











## YNË BIZIM NOSTRU НАШ AMARO NAŠ FESTIVAL

Нашиот Фестивал го организиравме во 2017 и 2018 година во Струга, Охрид и Дебарца. Учевме како да ги надминавме јазичните бариери, како преку музика, танц и уметност да ги сплотиме граѓаните во една целина, како мозаик составен од илјадници различни делчиња.

### *Стружани скокаат*

Фестивалот во 2017 година започна со групно скокање во реката Црн Дрим. Скокањето беше организирано во соработка со 10 Спортски клубови  и имаше 200 учесници од сите возрасни групи.

### *Детско ликовно катче*

За нашите најмлади, организиравме ликовни работилницина тема „ЕУ за тебе“, каде во присуство на нивни врсници, роднини и ментори, децата можеа да ја изразат својата креативност. Учествуваа 50тина деца на возраст од 3- 15 години, беа вклучени и локалните градинки.

### *Ритамот на Струга со Ратко Даутовски*

Ритамот е универзален „мајчин“ јазик што го познаваат сите луѓе - од најмали до најстари. Магијата на ритамот изразени преку различни удирачки инструменти од целиот свет, и нашите традиционални тапани ги спојува генерациите, расите и културите на убав суптилен начин. Токму затоа „Кругот на ритамот“ го одбравме како средство за поврзување на кое имаа можност да учествуваат сите, млади и стари, со и без било какво музичко искуство. Круговите се организираа на фреквентни места во центарот на Струга и случајните минувачи се приклучуваа.

### *Видео проекции*

Видео проекција на документарецот беше реализирана во соработка со Агенцијата за остварување на правата на заедниците.
Видео проекцијата на документарецот „Тапанџии“ во режија на Мето Петровски ја реализиравме во соработка со Заедницата на Египјаните.

### *Мини саем на стари занаети*

Во соработка со Регионалната занаетчиска комора од Охрид, ги претставивме занаетите кои ги негуваат нивните членови. Занаетчии од сите етнички заедници имаа можност да ги претставаат занаетите и техники на рачна изработка пред граѓаните.

### *Фото-Катче*

Оваа активност претставува фото лов по карактеристични места, мотиви и ликови од регионот. Учесниците на фото ловот добиваа различна тема која им беше објаснета во Фото-катчето,а потоа имаа неколку часа да ги донесат резултатите во форма на фотографии повторно во мобилното Фото катче. Најдобрите фотографии од дневните потраги, беа објавени на крајот од секој ден на јавна Изложба која беше поставувана на најпосетуваните локации.

### *Староградски песни во современ ритам*

Познати DJ со неповторливо музичко доживување - Винил Сет базиран на староградските песни, ги забавуваа минувачите и разговараа со нив за ритмовите на музиката карактеристични за етничките заедници од нашиот регион.




### *Фолклорни настани*
Настани на кои граѓаните уживаа во колоритот на носиите, кореографиите и песните во кој директно беа вклучени 90 учесници од локалните КУД Шпреса од Велешта, КУД Драслајчанка од Драслајца, КУД Пирамида од Охрид.

### *Куклен театар за деца*
Најмладите ги едуцираавме за убавината на соживотот и како да ги надминат предрасудите преку кукленииот театар Различноста е убава.

### *Моден танцов перформанс*
Народните носии ги направивме повторно актуелни.Традиционалнидизајнирани носии во модерна верзија беа презентирани во форма на танцов перформанс. Преку музиката и танцот ги споивме минатото и сегашноста, а преку неколку месечното креирање на носиите ги надминавме јазичните бариери и изградивме нераскинливи пријателства.

### *Мозаик*
Заедно го сложивме мозаикот на различностите во Струга. Предводени од искусен мозаичар и неговите помошници, соединети во заедничката цел, креиравме дело кое ќе остане да сведочи за припадноста на сите нас во ова општество. Во изработката на мозаикот се вклучуваа минувачите и сите кои сакаа да стават делче во нашето заедничко ремек дело.

## ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ СО НАСЛОВ “ЈАС ПРИПАЃАМ ТУКА“.

Со цел да ги мотивираме граѓаните да се фокусираат на убавите позитивни елементи од нивните места на живеење организиравме Фото конкурс на тема „Јас припаѓам тука“. Заинтересираните требеше да направат фотографии кои одговараат на следниве прашања “Што ве инспирира да почувствувате припадност кон вашето родно место? Дали се тоа улиците каде сте пораснале? Некои посебни луѓе? Езерото, Дрим или планините? Некои неповторливи моменти?“ . Добиените фотографии беа испечатени и презентирани на четири изложби во Охрид, Струга ,Дебар и Дебарца.Изложбите беа организирани во соработка со Општина Дебар и Дебарца и неколку локални бизниси од Охрид и Струга. ***Повеќе...*** https://www.facebook.com/pg/ldastruga/photos/?tab=album&album_id=10155718262462993






## URRE 2.0 URBAN SHELTER

Јавните простори во урбаните средини се многу важни за одржување на социјалната кохезија меѓу граѓаните. Пријатни и средени јавни простори (паркови, детски игралишта, простори меѓу зградите) се клучни за квалитетот на живот во една средина. За време на двонеделниот престој во Струга во септември 2018, локални, национални и меѓународни професионалци како архитекти, урбани планери, дизајнери на простор, креатори на урбана политика и други креативни професионалци (13 лица) соработуваа со локалните чинители, граѓани, институции за да изработаат препораки за јавните простори во Струга.
Преку теренска работа и повеќе од 21 индивидуални средби со жителите се избраа две

локации за интервенција. Во оваа активност беа вклучени директно повеќе од 63 граѓани и претставници на институции, организации и бизнис заедницата. Преку јавна дискусија со претставници на Општина Струга-сектор за урбанизам, локални архитекти, граѓани, 2 работилници, дистрибуирани прашалници, денови на акција со граѓаните, беа избрани две локации каде архитектите заедно со граѓаните интервенираа во просторот и го разубавија, и за истите преку јавна презентација дадоа предлог идејни решенија за подобрување на просториите.




Повеќе за книгата со сите превземени активности, предложени идејни решенија и препораки може да ја најдете тука.

http://creativeactive.org/urre-2-0-urban-shelter/







## ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР

Ова е првото истражување од ваков вид, кое има за цел да ја дознае јавната перцепција на граѓаните на четирите општини од југозападниот регион (Струга, Охрид, Дебар и Кичево) за Охридскиот Рамковен Договор. Покрај дебатата која е развиена во професионалните средини и медиумите, во овие 16 години од потпишувањето на договорот, важноста и целта на истражувањето е во тоа што за прв пат се испитува јавната перцепција за еден од најважните општествени и политички настани во горенаведените општини.

Истражувањето го насочува вниманието и интересот на граѓаните во важноста и содржината на овој документ, во насока да се разбере колку овој документ, кој е вклучен во содржина на Уставот е близок за граѓаните од четирите општини од југозападниот регион (Струга, Охрид, Дебар и Кичево). Колку граѓаните навистина знаат што содржи договорот, како ја перцепираат неговата формулација, потоа како го оценуваат имплементирањето на целите на ОРД и кои институции ги сметаат како одговорни за имплементација, сѐ до давањето предлози за следните чекори, кои треба да се превземаат за целосно решавање на прашањата, инкорпорирани во документот и тие кои произлегуваат од него.

Оваа студија може да служи за идни понатамошни анализи во контекст на актуелните политики, поврзани со ОРД, важноста и влијанието кое го имаат во животот на граѓаните и во меѓуетничките односи.

Истражувањето е спроведено во втората половина на 2017 година и тоа во четири општини кои се дел од југозпадниот регион: Дебар, Кичево, Охрид и Струга. Главните активности кои беа превземени во истражувањето се: Desk Research, Консултативна средба со Секретаријатот за имплементација на Охридскиот Рамковен Договор, Интервјуа со претставници од единиците на локалната самоуправа, Интервјуа со активни локални НВО-а, десет фокус групи (4 во Струга, 3 во Кичево, 2 во Охрид, и 1 во Дебар), 1500 прашалници беа дистрибуирани во четирите општини, што претставува оптимален дури висок стандард во однос на бројот на жители од овој регион. Истражувањето во голема мера е емпириско, бидејќи во фокусот беше размислувањето на граѓаните преку две главни алатки: фокус групи (66 лица вклучени) и прашалници (1394 пополнети прашалници), а заедно со интерактивни методи со цел да дојдеме до пообјективни резултати. Повеќе...

Резултатите од истражувањето беа презентирани пред јавноста во целните општини.
http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/public-opinion-research-on-perception-regarding-ohrid-framework-agreement/





## КУЛИНАРСКА НЕДЕЛА

Храната е одличен начин за споделување на културата со луѓе од различно потекло. Да се биде заедно и да се споделува трпезата е заеднички и обединувачки чин во речиси секое место во светот. Можноста да се зготви некое јадење и да се сподели со други луѓе е универзален концепт, бидејќи тоа е во коренот на нашиот опстанок. Кулинарската недела се стреми да го стори токму тоа, да им овозможи на заедниците да се здружат и да ја споделуваат својата култура и наследство преку храната.

Во период од шест дена (23 Јуни - 28 Јуни 2018), професионалци и аматери готвачи, баристи, познавачи на кафето, производители на храна, социјални претприемачи, се здружија во „Кулинарска недела“. Активноста почна со отворен настан „Саем на храна“, продолжи вториот ден со предавања „Успешните приказни како наследство“, додека следниве три дена имаше работилница „Готвење со и за заедницата“ во Струга, Кичево, Дебар и последниот ден се заврши со работилница со баристи „Да споделиме кафе“.

Во ова активност беа вклучени 43 учесници од кои претставници на УНДП, Слоу Фуд, проект на УСАИД, Организација за социјални иновации АРНО, Центарот за развој на југозападниот плански регион, Факултетот за туризам и угостителство-Охрид, како и 11 бизниси на локално и национално ниво кои ја подржија активности дел како спонсори а кај дел од нив се организираа настаните и повеќе од 93 учесници на сите настани. Повеќе....
http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/culinary-week/

ASAT M - Ditë e Re - Java e kulinarisë









## ПРОГРАМА ЗА РЕГРАНТИРАЊЕ

Повикот за грантови за граѓански организации беше објавен на 15 Февруари 2018 година на веб страните на Локалната агенција за развој од Струга линк http://ldastruga.org/makedonski/DefaultDetails.aspx?id=1636 и ЗГ „Креативни и Активни“ од Струга линк, http://creativeactive.org/decade-of-belonging-celebrating-diversity-2/thirrje-per-grante-per-organizata-te-shoqerise-civile/ , на ФБ страната на ЛАР Струга facebook.com/ldastruga каде имаше 6,010 луѓе кои ја прочитале информацијата и 186 директен ангажман од луѓето од типот на коментирање, лајкови и 13 споделувања. Понатаму, информацијата беше споделена преку емаилинг листата на ЛАР Струга и ЗГ „Креативни и Активни“, емаилинг листите на ТАКСО, на Центарот на Заедницата на општина Струга, Центарот за развој на Југозападниот Плански Регион, YES мрежата, СИОФА и Агенција за развој на помалите заедници, со што беше обезбедено информацијата да допре до најголем можен број потенцијални апликанти.

Во наведениот рок пристигнаа 33 апликации од кои како носители се јавуваа 10 организации од Охрид, 17 организации од Струга, 3 организации од Дебар, 1 од Дебарца, 2 од Кичево. Беа прифатени 16 проекти од следниве организации:

| | Име на апликант | Наслов на проектот |
|---|---|---|
| 01 | Здружение за локален развој и културно уметничко друштво „Драслајчанка“ | Вреднување на различностите - почитување на другоста |
| 02 | Здружение на жени „Ауреола“ - Струга | Да ги надминеме разликите преку културата |
| 03 | Асоцијација за интеграција на египќаните „ПТАХ2013“ - Струга | Различноста е во тренд |
| 04 | Здружение за култура “Ледина 2016“ | Кампуваме и планинариме |
| 05 | Здружение за мултикултурна интеграција Инклузија Охрид | Промоција на меѓукултурно партнерство низ езерото |
| 06 | Здружение Центар за интеграција на млади Младински Сон Струга | Промена на младите |
| 07 | Здружение за одржлив развој Синиот Проект Охрид | Сними дискриминација - започни партиципација |
| 08 | Здружение институт за социјлошки истражувања и одржлив развој ИСИОР Струга | Оспособување на младите да учествуваат во општеството |
| 09 | Асоцијација на спортови СПОРТ ЗА СИТЕ - СИТЕ ЗА СПОРТ Охрид | Охрид трчаТ трка на различност |
| 10 | Здружение Радика - ДЕ | Заедно градиме мостови |
| 11 | ХДЗР Месечина „Дебар“ Дебар | Чекор кон заедништвото |
| 12 | Црвен крст - Општинска организација Охрид | Симфонија |
| 13 | Здружение за култура, уметност и сценски изведби БАХ 94, Струга | Јас сум љубов |
| 14 | Здружение за култура и уметност К’ТУ ФЕСТ Струга | К’ту фест |
| 15 | Здружение за развој на културно-уметнички вредности ТАКТУС - Охрид | Мултиетничко и мултикултурно соединување преку музички перформанс „Еволуција на музиката од средниот век до современата ера“ |
| 16 | Здружение на мултиетнички и мултикултурен соживот ВИЗИЈА КОН ИДНИНАТА Струга | Образование за младински активизам |